# Презентација за престој во Liv-Hospital, Истамбул Турција

Од Др. Даница Пендовска


HOSPITAL
ULUS

# Liv-Hospital, Турција

- Многу сум благодарна што ми беше овозможено да поминам три недели на престој во Liv-Hospital од 1-20 ноември 2015 година. Овој престој ги надмина сите мои очекувања.
- Во болницата се практикува врвна технологија, најнови протоколи, минимално инвазивна хирургија и анестезија.
- Оператори се исклучиво докажани доктори-професори. Ова се разбира резултира со задоволни пациенти, често од далечни земји.

- Во тек на престојот присуствував на бројни роботски интервенции со Da Vinci (абдоминални и кардио-интервенции) лапароскопски (абдоминални, гинеколошки, уролошки), неурохируршки, пластични (повеќето естетски), ORL, детски, офталмолошки, васкуларни.
- Имав можност да ги следам интервенциите на 3D-екрани. Секако како анестезиолог бев повеќе посветена на периоперативниот анестезиолошки пристап.

# Анестезиолошка пракса во Liv-Hospital

- Сите пациенти се премедицираат со Midazolam на влезот од оперативниот блок.
- Повеќето општи анестезии се изведуваат со комбинација на Utiva (50ug/ml) на пумпа и инхалација на Sevofluran (1-2MAC) со ЕТТ или ларингеална маска.
- Роботски кардиоинтервенции и кардио на beating heart се водат со четири пумпи: Propofol 2% 40ml и Fentanyl 10ml, 5ml/h; По потреба се уклучуваат Diltiazem, Noradrenalin или/и Lasix на пумпа со инхалација на Sevo и Norcuron.
- Пациентот е интубиран со дволуменски тубус и се вентилира само десното плуќно крило.

- Неурохируршките интервенции ги работат исклучиво со неурофизиолошки мониторинг за кој е одговорен неурофизиолог, при што ако се работи кичма се оди со општа анестезија Utiva и Propofol 2% со O2/N2O/2L, без волатилен анестетик и релаксант, за да не влијае на неурофизиолошкиот мониторинг.
- Кај операции на мозок се оди со високи дози на Utiva 15ml/h и Propofol 2% 20ml/h со 1vol% Sevo.
- Интраоперативно за да се визуелизира туморот се аплицира Fluorosein-Sodium 10% при што туморското ткиво преку соодветни филтри може прецизно да се локализира.
- За смирување на мозочната активност се дава Levetam 500mg IV.

- Во анестезијата се практикува еднократна употреба на маски, ервеи, ларингеални маски, филтри, црева, аспиратори, сетови за артериска и венска канулација. Посебно е олеснета интубацијата со т.н. Glide Scope или т.н. видео-ларингоскоп кој се користи кај барijатриска анестезија кај морбидно обезни пациенти и за останати тешки интубации.
- Она што посебно би го издвоила е комплетно нов начин на водење на анестезија, таканаречена opioid free anaesthesia (OFA) and analgesia чии скромни почетоци во светот датираат од 2010 година, а денес во одредени центри како во Bruges-Белгија 90% од анестезиите се водат на овој начин.



# Opioid Free Anaesthesia (OFA)

- Утврдено е дека опиоидите имаат бројни штетни ефекти како: имуносупресија, хипералгезија, постоперативна респираторна депресија, индуцираат колапс на горниот дишен пат и го влошуваат OSAS (obstructive sleep apnea syndrome), даваат пареза на црева, т.е. го компромитираат опоравувањето.
- Во Liv-Hospital се запознав со OFA кај обезни пациенти за Sleeve Gastrectomy.
- За водење на анестезија се користи пумпа со 400ugr-Dexmedetomidine

  и пумпа со 3gr. MgSO4 15% заедно со Xylocaine (25ml 2% и 5ml 10%)

при што за анестезија кај BMI > 2 се оди со 10ml/h, а кај BMI < 2 5ml/h. , а само за аналгоседација со 3ml/h., со 2MAC Sevo со 60% O2/air и PEEP+8mmHg.

# Opioid Free Anaesthesia (OFA)

- Кај овие пациенти NG сонда се вади пред клипсирање на желудникот и на крај се проверува со боја метиленско плаво успешноста на интервенцијата. За релаксација се користи norcurome, а во индукција меѓу другото се дава и ketamine 2 ml IV.
- Кај сите пациенти е поставена артериска линија за инвазивно мерење на притисок, со поинаков начин на испирање на линијата без додатна манипулација, што многу едноставно може да го примениме.

# Opioid Free Anaesthesia (OFA)

- Методата им е разработена до перфекција, секојдневно се оперираат барем 3 обезни пациенти од сите возрасти. Постоперативно се продолжува со инфузија на истиот микс или добиваат PCA со Dolantin и 2amp. Ondasetron.

Со почит,

Др.Даница Пендовска